Remedica
MANUFACTURERS OF PHARMACEUTICALS

**УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ**

**Foliron**

**Ferrous Fumarate and Folic Acid**

---

**Foliron филм-обложени таблети**

---

**Ве молиме, упатството за употреба прочитајте го внимателно пред да почнете да го користите лекот.**

- Чувајте го ова упатство на безбедно место. Можеби ќе Ви треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања , обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.
- - Овој лек Ви е препишан лично на Вас и не треба да го давате на други. Тој може да им наштети на другите, дури и кога нивните симптоми се исти како вашите.

**Состав:**

Активни супстанции: Ferrous Fumarate 310 mg и фолна киселина 0,35 mg.

Екципиенси:Microcrystalline Cellulose, Macrogol 6000, глицерол, Sodium Starch Glycollate, магнезиум стеарат, Sodium Lauryl Sulphate, повидон, хипромелоса, Macrogol 400, титаниум диоксид, талк, црвен железен оксид Е172.

---

## 1. ШТО Е FOLIRON® И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Foliron содржи комбинација на Ferrous Fumerate и фолна киселина.

Ferrous Fumerate и фолната киселина припаѓаат на група на лекови кои се употребуваат кај анемиите.

Железото е елемент кој е неопходен за производство на црвени крвни клетки во телото.

Кога нашето тело не прима доволни количини на железо тогаш не може да се произведе нормален број на црвени крвни клетки кои се неопходни за одржување на нашето здравје во добра состојба. Овој дефицит на железо во нашето тело е наречен сидеропенична анемија.

Дефицит на железото може да води кон невообичаена слабост, диспнеа (тешкотии во дишење), намалување на физичката активност, проблеми во учењето кај деца и може да ја зголеми опасноста од инфекции.

Фолната киселина припаѓа на Б комплекс витамините. Витамините се супстанции во нашето тело кои се неопходни за негово развивање и здравје. Тие се неопходни во многу мали количини и обично ги примаме преку храна. Фолната киселина е неопходна за јака крв.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА *СКОПЈЕ*

Дефицит на фолна киселина може да предизвика анемија. Оваа анемија се третира со фолна коселина.

**Индикации:**

Фолирон е индициран за профилакса и третман на анемија како резултат на дефицит на железо и фолна киселина во тек на бременост.

**2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО УПОТРЕБИТЕ FOLIRON®**

**Бидете посебно внимателни со Foliron.**

Запознајте го лекарот:

- ако сте алергични на активните составни супстанци или на некој од екципиенси на производот.
- ако имате мегалобластна анемија која е резултат на недостаток на витамин Б12
- ако патите од илеус или дивертикулоза
- ако имате хемохроматоза и хемосидероза
- ако примате други состојки на железо или фолна киселина
- ако имате стомачен улкус

**Контраиндикации:**

Фолирон е контраиндициран кај пациенти со алергија на активните состојки или на некоја од екципиенсите на производот, кај пациенти со дефицит на Б12, кај пациенти со пароксизмална ноќна хемоглобинурија, хемосидероза, хемохроматоза, стомачен улкус, повторувани трансфузии на крв, ентеритис и улцерозен колит.

Фолирон не треба да се употребува за третман на други анемии освен за тие со дефицит на железо.

**Интеракции:**

Железото ја редуцира апсорбцијата на пенициламид. Железото исто така ја редуцира биорасположивоста на флуорокинолони, леводопа, карбидопа, тироксин и бифосфонати.

Апсорбцијата на железото и антибиотикот истовремено е редуцирано ако Фолирон се зема со тетрациклин. Ако железото и цинкот се примаат истовремено апсорбцијата на двата е намалена. Истовремено примање на антациди ја намалува апсорбцијата на железото. Co-trimaxazole, chloramphenicol, sulphasalazine, aminopterin, methotrexate, pyrimethamine и sulphonamides интерферираат во метаболизмот на фолната киселина.

Оралното земање на хлоранфениколот ја успорува елиминацијата на серумското железо во црвените крвни клетки, и интрферира со еритропоетинот.

Делумна инхибиција на апсорбцијата на железото може да биде причинета кога се зема истовремено со cholesteramyne, trientine, чај, јајца или млеко.

Земањето на железо кај пациенти кои примаат метилдопа, може да предизвика зголемување на артерискиот притисок.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

Кафето е агенс кој може да ја намали биорасположивоста на железото.

Неомицинот може да ја зголеми апсорбцијата на железото.

**Посебни предупредувања и мерки на внимателност**

Фолирон не смее да се дава пациенти кои примаат тетрациклински антибиотици или антациди, или на пациенти со стомачен улкус.

Фолирон е контраиндициран кај пациенти со мегалобластна анемија која е резултат на дефицит на витамин Б12.

**Бременост:**

Фолирон е индициран во тек на бременост. Како и да е , земање на големи количини на железо во тек на првиот триместар од бременоста треба да се избегнува бидејќи тоа може да наштети на мајката и/или на фетусот.

Посоветувајте се со вашиот лекар или фармацевт пред да земете билокаков лек.

**Доење:**

Фолирон се екскретира во мајчиното млеко и, поради тоа морате да се посоветувате со вашиот лекар пред да земете Фолирон.

Посоветувајте се со вашиот лекар или фармацевт пред да земете билокаков лек.

**Влијание врз управување со моторно возило и управување со машини**

Фолирон не влијае на способноста за возење и управување со машини.

## 3. КАКО СЕ УПОТРЕБУВА FOLIRON®

Ве молиме следете ги упатствата на вашиот лекар.

Возрасни: Една таблета дневно. Во бременост се препорачува дека лекот треба да се зема од 13-та недела од бременоста и продолжува се до третиот месец после породувањето.

Деца: Не се препорачува.

**Во случај ако примите поголема доза од нормалната:**

Во случај ако земете доза поголема од нормалната, прекинете со земање на лекот и поврзете се веднаш со вашиот лекар.

Симптоми на предозирање: гастроинтестинални заболувања.

Третман: предизвикувајќи повраќање, гастричната лаважа се препорачува во првите 4 часа после ингестија на лекот и земање на хелатински агенс за прифаќање на железото (на пр. desferrioxamine).

**Што треба да знаете ако ја пропуштите дозата:**

Ако треба да го земете лекот континуирано и вие сте пропуштиле да го земете лекот, земете ја пропуштената доза колку што е можно поскоро. Како и да е доколку е време за вашата следна доза, прескокнете ја пропуштената доза и вратете се на правилниот

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА *СКОПЈЕ*

распоред на дозирањето. Не земајте двојна доза. Посоветувајте се со вашиот лекар ако пропуштете повеќе од една доза.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како сите лекови Фолирон може да предизвика несакани дејства.

Најчести се:

Гадење, повраќање, гастроинтестинални симптоми (стомачна болка), констипација, дијареа. Многу ретко хемосидерозата може да биде причинета со хронично земање, алергиски реакции, анорексија, поцрнување на столиците.

Ако имате спротивни реакции кои не се споменати претходно, ве молиме веднаш да го запознаете вашиот лекар.

## 5. НАЧИН НА ЧУВАЊЕ НА FOLIRON

**Рок на употреба:**

Погледнете во внатрешното и надворешното пакување. Во случај ако рокот е поминат, лекот не го употребувајте.

**Посебни предупредувања за чување на лекот:**

Чувајте го лекот до 25°C, далеку од светлина и влага и на безбедно место надвор од дофат на децата.

## 6. ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ

За било какви други информации поврзани со лекот контактирајте го Носителот на дозволата на промет.

**Пакување:**

Фолирон филм-обложени таблети: (блистер 3 x 10) / кутија

**Начин на издавање:**

(R) -- лекот се издава само на лекарски рецепт

**Број и датум на решение за промет**

Фолирон филм-обложени таблети:

**Датум на прва и последна корекција на упатството**

Јуни 2009 година

**Производител**

Remedica Ltd

Limassol Industrial Estate

Limassol, Cyprus, EU

**Застапник**

"СЕПТИМА" дооел

Ул.Сава Ковачевиќ 13 бр.9, Скопје
Р.Македонија

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *